Република Македонија
бр. 15 -
.2012 год.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ

Усогласеност со Годишната програма на Владата: Владата на својата седница одржана на 23.03.2012 година по однос на разгледувањето на информација за имот надвор од границите на Република Македонија стекнат согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал заклучи Министерството за економија до Владата на Република Македонија да достави предлог за изменување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и Законот за приватизација на државниот капитал, согласно кои надлежностите од Комисијата за приватизација ќе се пренесат на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен;

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: ДА**

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:**
**На прватa наредна**

**Карактер на материјалот:**

-

**Итност на материјалот:** Да

**Прилог:**

-

**Дата на доставување на материјалот:**
.07.2012 година

МИНИСТЕР
Valon Saraqini

Изработил: К.Тодевска
Контролирал: А.Поповски
Одобрил: Анче Трифунов

**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

***М Е М О Р А Н Д У М***

**НАСЛОВ:** ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ

**МИНИСТЕР,**

**Valon Saraqini**

**ПОТПИС:** ______________________

**Скопје, јули 2012 година**

**1.Осврт по материјалот:** Со овој закон надлежностите, правата и обврските на Комисијата на Владата за приватизација утврдени со овој закон се пренесуваат на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**
Се предлага да се усвои Предлог законот
**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

**4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош :** НЕ

**Дали е донесена одлука на Комисијата за заштита на конкуренцијата за компатибилноста на државната помош:** НЕ

**5. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог)** НЕ

**6. Усогласеност со преземените обврски од ратификуваните меѓународни договори):**

**7. Решение кое се препорачува (со образложение):** Да се усвои предлог законот како единствено решение за реализација на заклучокот на Владата за пренос на надлежностите од Комисијата за приватизација на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен

**8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:** НЕ

**9. Очекувани влијанија:** Со овој Закон се очекува да се реформира и забрза процесот на одлучување по предметите од надлежност на Комисијата за приватизација

**10.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:** НЕ

**11. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| 1. **Назив на предлогот:** Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал | 2. **Министерство/ орган на државна управа:**<br>Министерство за економија |
| 3. **Цел на предлогот:**<br>За усвојување | 4. **Вид на предлог:**<br>Предлог на Закон за индустриски зони |
| 5. **Контакт лице и звање:**<br>АлександарПоповски,раководител на сектор | 6. **Контакт тел./факс или е-пошта:**<br>т. 3093-491: моб.075/383-694 |
| 7. **Активност:** Со овој Предлог на Закон надлежностите од Комисијата за приватизација ќе се пренесат на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен; | |
| **8. Вид на барање:** ( ) Регулатива во врска со ЕУ / ( ) Друга нова регулатива; ( ) Нова програма / ( ) Зголемување/ намалување на постоечка програма; ( )Прераспределба (на средства) помеЃу две програми / ( ) Спојување на две или повеќе програми | |
| **9. Цел на барањето/ предложената активност: надлежностите од Комисијата за приватизација ќе се пренесат на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен;** | |
| **10. Врска со владината програма:** / | |

| **11. Фискални импликации: НЕМА** | **( илјада денари )**<br>**Тековна год.** | **Втора год.** | **Трета год.** | **Четврта** |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Каритал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | / | / | / |
| Б. Одобрени средства за предлог<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Каритал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | / | / | / |
| **Ц. Промена(разлика) од одобрените средства (Б-А)**<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Каритал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | / | / | / |
| **Д. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)**<br>Плати<br>Стоки и услуги | / | / | / | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Каритал<br>Трансфери<br>Вкупно<br>Е. Нето импликации на средствата на органот(Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Каритал<br>Трансфери<br>Вкупно<br>Ф.Зголемување/намалување на приходите<br>Г.Дополнителни извори на финансирање или споредување на трошоците<br>Извор: | | | | |
| **12. Нето зголемување на бројот на вработени во врска со предлогот** | / | / | / | / |
| **13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г).** | / | | | |
| **14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение.** | / | | | |
| **15. Дата на извршување на проценката** | | | | |
| **16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење:** | | | | |
| **17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии:** | / | | | |
| **18.Измени побарани од Министерството за финансии:** | / | | | |
| **19. Одговор на Министерството - предлагач:** | / | | | |
| **20. Одговор од Министерството за финасии:** | / | | | |
| **21.Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог:** | / | | | |
| **22. Одобрено/Дата:** | | | | |

________________________ _________________________

**Државен секретар** Ден/ месец/ год. **Министер**

**Анче Трифунов** **Valon Saraqini**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ

Скопје, јули 2012 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал Комисијата за приватизација има повеќе надлежности кои поради завршувањето на процесот на приватизација поефикасно системски ќе се спроведат преку Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен. Притоа, на местото на повеќе законски и други прописи со кои се уредуваат поединечни надлежности на Комисијата за приватизација (Закон за приватизација на државен капитал, Закон за отстапување на деловни средства од страна на претпријатијата во коишто Република Македонија и Агенцијата на Република Македонија за приватизација имаат акции односно удели, Закон за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Уредбата запостапката за продажба на акциите и уделите што и се издадени на Република Македонија и Деловникот за работа на Владата на Република Македонија) ќе се утврди единствена правна рамка во основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со овие законски измени на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и Законот за приватизација на државниот капитал, надлежностите од Комисијата за приватизација ќе се пренесат на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен. Законот се темели на истите начела како и основниот закон.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на предложениот закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија и други јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог законот не е потребно обезбедување на финансики средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

# ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ

## Член 1

Во Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на Република Македонија" бр.38/1993, 48/1993, 21/1998, 25/1999, 39/1999, 81/1999, 49/2000, 6/2002, 31/2003, 38/2004, 35/2006 и 84/2007) во член 15, член 16, член 17, член 50-а, член 75, член 77, член 89-а, член 98 и член 105 зборовите „ Комисијата на Владата за приватизација " се заменуваат со зборовите „ Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен."

## Член 2

Во член 48 пред зборот „три" се додава зборот „најмалку".

## Член 3

Комисијата на Владата за приватизација ги врши надлежностите, правата и обврските утврдени со овој закон до 31.12.2012 година.
Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен ги врши надлежностите, правата и обврските на Комисијата на Владата за приватизација утврдени со овој закон од 1.01.2013 година.
Комисијата на Владата за приватизација ќе ја пренесе целокупната документација со која располага на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен најдоцна до 31.12.2012 година.

## Член 4

Средствата (објекти, машини и друга опрема, влогови во други правни субјекти и друго), за кои треба да се постапи согласно член 89-а став (1) од овој закон а кои се наоѓаат во држава во која согласно националното законодавство не може да се запишат во сопственост на Република Македонија, можат да се запишуваат на име на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Република Македонија и тие средства се смета дека се во сопственост на Република Македонија.

## Член 5

Постапките кои се отпочнати пред Комисијата на Владата за приватизација а кои нема да завршат до 31.12.2012 ќе продолжат да се водат од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен почнувајќи од 1.01.2013 година.

Член 6

Се задолжува Законодавно-правната комисија на Собранието на. Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ

Владата на својата седница одржана на 23.03.2012 година по однос на разгледувањето на информација за имот надвор од границите на Република Македонија стекнат согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал заклучи Министерството за економија до Владата на Република Македонија да достави предлог за изменување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и Законот за приватизација на државниот капитал, согласно кои надлежностите од Комисијата за приватизација ќе се пренесат на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен. На овој начин се очекува да се надмине застојот во решавањето на предметите и барањата кои произлегуваат од трансформација на претпријатијата со оптштествен капитал како и нивно системско третирање во рамките на редовните работи кои ги врши Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен.

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со член 1 се врши пренесување на надлежностите по однос на ЗТПОК од Комисијата на Владата за приватизација на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен.

Со член 2 се овозможува комисијата која преку јавен повик врши оценка на пристигнати понуди за продажба на идеален дел а која постапка следствено се применува и во случај кога се врши приватизација на државен капитал согласно Законот за приватизација на државен капитал, бројот на членовите се предлага да може да биде и поголем во зависност од конкретната утврдена потреба. Ова овозможува поширок состав на претставници од различни институции кои поквалитетно ќе можат да оценат пристигнати понуди за продажба во делот на техничките и финансиските критериуми како и оценка на деловни планови кои најчесто се клучен критериум за избор на најповолна понуда.

Со Член 3 правно технички се врши пренос на надлежностите, правата и обврските на Комисијата за приватизација на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен а со цел континуирано продолжување/ завршување на решавањето на предмети од надлежност на Комисијата за приватизација.

Со член 4 се пропишува дека средствата кои согласно член 89-а став (1) од овој закон се пренесуваат на Агенцијата за приватизација, а кои се наоѓаат во држава во која согласно националното законодавство не може да се запишат во сопственост на Република Македонија, можат да се запишуваат на име на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Република Македонија и тие средства се смета дека се во сопственост на Република Македонија. Имено присутна е тенденција на одбивање да се изврши упис на имот во

сопственост на Република Македонија во странски држави бидејќи тоа според националните закони на земјите е возможно само во случаи на екстериторијалност (амбасади). Со цел евидентирање и стекнување со овој имот, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Република Македонија води постапки согласно закон во странски држави во кои е идентификван имотот и постои правен основ АД-то да биде запишано како сопственик. Со овој член се пропишува дека иако АД-то го стекнува тој имот надвор од границите на Република Македонија истиот согласно овие предложени измени ќе се смета за имот во сопственост на Република Македонија за кој важи режимот идентичен за сиот друг имот кој е во сопственост на Р.М без оглед што во странските исправи за сопственост е односно ќе биде запишано АД-то.

Со член 5 се пропишува дека постапките кои се отпочнати пред Комисијата на Владата за приватизација а кои нема да завршат до 31.12.2012 ќе продолжат да се водат од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен почнувајќи од 1.01.2013 година.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани со одделните решенија во замиот закон.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

надлежностите од Комисијата за приватизација ќе се пренесат на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен.